Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-608/3
31-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-608 од 10.9.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-608 од 10.9.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 10.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted], за извршена дискриминација врз основ на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше образложено со кое дејствие подносителката била дискриминирана и недостасуваа податоци за описот на настанот, на 17.9.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителката достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ги наведе сите информации за околностите и фактите врз кои се темели претставката и дејството со кое смета дека е дискриминиран. Притоа, во однос на предметното барање за доуредување, беа извршени 2 неуспешни обиди за достава на предметното барање за доуредување, при што поднесокот беше вратен од пошта со образложение: непознат, следствено на што Комисијата утврди дека подносителката не навела уредни податоци во однос на нејзината адреса согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го претходно наведеното во предвид, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
31.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски